**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП БР. 1310-43
Бр.на постапка 42747
од 13 07.2023 год.
Велес

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020 и 111/23), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 51 од Статутот на Општина Велес, (Сл. Гласник 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), Градоначалникот на Општина Велес упатува кон:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Детален урбанистички план за дел од УБ 34, Уе 5 (Централно градско подрачје), КО Велес, Општина Велес

Се известуваат граѓаните, сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат, широката јавност, претставници на стручната јавност, претставници на органите на државната управа, претставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот плански опфат.

Границата на планскиот опфат е дефинирана помеѓу:

- на запад – по дел од осовина на ул."Васил Ѓорѓов", до дел од осовината на ул.„Петре Алчев"
- на север – по дел од осовина на ул."Крали Марко" и кон север по осовина на ул.„Крушевска"
- на исток – по осовина на ул."248", до ул.„Вељин Шољов" и по дел од осовината на ул.„Титова Ужичка"
- на југ – по дел од осовина на ул "Кузман Јосифовски", до дел од осовината на ул.„Плоштад Којник"

Опфатот е со површина од 46566.35 м2 (4.7ха).

Јавната анкета и јавната презентација по Нацрт Детален урбанистички план за дел од УБ 34, УЕ 5 (Централно градско подрачје), КО Велес, Општина Велес, ќе се спроведе со излагање на Нацрт планот во просториите на граѓанскиот центар на Општина Велес, преку информацискиот систем е-урбанизам, се објавува на веб-страната на општината и се огласува со печатени плакати и соопштенија во и околу подрачјето на планскиот опфат.

Јавната анкета ќе трае 35 дена од 28.07 до 31.08 2023 год од 7,30 до 15,30 часот во просториите на Општина Велес.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 15.08.2023 година во 11:00 часот во просториите на Општина Велес.

Градоначалник
на Општина Велес
**Марко Колев**